12657

НОВА МАКЕДОНИЈА 11.6.1996, 17740, 7, 8,

с.8.

ПО ТЕАТАРСКИОТ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

# Награди за (не)моќ

**Дел од годинашните учесници на Фестивалот одлуката на официјалното жири не ја прифати и не ги прими наградите, додека ансамблот на Народниот театар од Битола целосно се согласи со неа. – Салаетин Билал: „револтот е потреба да се покрие неквалитетот и неработата“. – Благоја Стефановски: „излегува дека ние сме виновни што имаме најдобра претстава“.**



**На сцената при врачувањето на наградите беа само добитниците на наградите за животно дело и наградените од „Мајсторот и Маргарита“**

Наместо очекуваната свечена завршница на 31. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“, во Прилеп завчера се случи трагикомичен настан кој најмногу му наштети на театарот. Фестивалите секогаш завршуваат со доделувањето на наградите за заслужените творечки резултати а, како што е познато: дел од наградените творци не ја прифатија одлуката на Жирито, додека пак другите – наградените од претставата „Мајсторот и Маргарита“ на НТ во Битола, ја прифатија одлуката и ги примија со достоинство наградите што им беа врачени на фестивалската сцена.

Фестивалот во првите седум дена течеше по воспоставениот и зададен ред. Се прикажуваа шесте претстави во конкуренција за наградите „Војдан Чернодрински“, прогармата на придружниот дел, разговорите на тркалезната маса. Некогаш се молчеше, некогаш се говореше за дострелите на претставите. Се провлекуваа, кришум, и проблемите во театарот, се искажуваа пак секој од свој агол – достоинствата на една или друга претстава. Сепак, јасно беше дека Фестивалот е под превезот на мачнината со кој започна, а најавена речиси еден месец пред неговиот почеток од страна на годинашниот селектор Љубиша Георгиевски. Тој, откако ја прифати работата на селектор, откако го направи својот избор на шест претстави, „ја фрли“ ракавицата за квалитетот на одбраното. Се поттина под селекцијата но и беше категоричен во констатацијата за она што го одбрал.“... Критериумот на селекторот беше естетска небулоза наречена „добра претстава“, при што на селекторот му беше скратена можноста за каква – годе споредбена анализа...“

Потоа, пред почетокот на Фестивалот, претседателот на Советот, Ристо Стефановски, како можен квалитет ги издвои (од шесте селектирани) само „Мајсторот и Маргарита“ на НТ во Битола и „Лепа Ангелина“ на Драмата при МНТ во Скопје. На релацијата Совет на Фестивалот и Драмски театар се разви жестока преписка. Директорот на ДТ Благоја Чоревски побара јавно извлекување од Стефановски, оградување на Советот од изјавата на својот претседател или неучество на селектираната претстава „Ни ќар, ни зијан“ работена според текстот на Братислав Димитров во режија на Димитар Станкоски со актерите на Драмаски, театар. Победи професионалноста и фактот дека претставата на овој Театар ќе ја вреднува квалификувано и компетентно жири. Таа се одигра во последниот натпреварувачки фестивалски термин, саботата – 8 јуни.

### НАГРАДЕНИТЕ ПРОТИВ НАГРАДИТЕ

Последниот фестивалски ден – неделата (9 јуни) беше најмачниот ден. Жирито, легитимно именувано од Советот на Фестивалот, во состав Салаетин Билал, претседател, и Венко Андоновски и Ѓорѓи Јолевски, членови, во раните утрински часови ја обелодени својата одлука за најдобрите – наградените на 31. МТФ. Од десетте фестивалски награди во различни категории и уште пет за најдобри актерски остварувања – осум и беа доделени на претставата „Мајсторот и Маргарита“ на Народниот театар во Битола: награда за претстава во целина, награда за режија на Владо Цветановски, награда за драматизација или адаптација на Владимир Талевски, Дона Димовска и Петар Мирчевски, награда за сценографија на Валентин Светозарев и Владо Ѓоревски, награда за костимографија на Благој Мицевски. На претставата „Лепа Ангелина“ на Драмата при МНТ и припадна наградата за плакат на авторот Драган Секулиќ, но и наградата за најдобар текст на Благоја Ристески.

Две актерски награди и припаднаа на претставата „Ни ќар, ни зијан“ Драмскиот театар: на авторот Братислав Димитров, а на Благоја Чоревски и Ленче Делова, наградена е и групата „Анастазија“ за музиката во оваа претстава и актерот Драган Спасов на кого жирито му ја додели наградата за епизодна улога „Димче Трајковски“. Последната награда од со статутот предвидените – за млад актер „Трајко Чоревски“ – и припадна на Билјана Беличанец за ликот на Медеја во истоимената претстава на Народниот театар во Прилеп.

По официјалното соопштување на наградите, во неделата на последниот фестивалски ден, атмосферата се вжешти до таму што сите наградени – вон претставата „Мајсторот и Маргарита“ – ги одбија наградите, а ансамблот на Драмата при МНТ кој беше во конкуренција со својата „Лепа Ангелина“ во режија на Владимир Милчин и требаше во чест на наградените да ја прикаже претставата „Господа Глембаеви“ работена според текстот на Мирослав Крлежа и во режија на Љубиша Георгиевски, откажа да настапи пред фестивалската публика, на најавеното и очекувано свечено затворање на Фестивалот.

### РЕВОЛТИРАНИ РЕАКЦИИ

На сцената во чест на спуштањето на фестивалската завеса, се најдоа само наградените од „Мајсторот и Маргарита“. Пред полното гледалиште, кое со аплауз ги поздравуваше наградените – и оние што ги примија и оние што ги одбија наградите, застана и актерката Билјана Беличанец. Ја одби наградата за млад актер зашто „ликот на Медеја на сцената може да биде само добар или лош“, кажа дека Медеја вели „нема правда во очите“, и рече дека во „иднина посакува достоинствен театарски фестивал, каде ќе се случува достоинствен театар“.

Од друга страна мотивите за своето одбивање на наградите: Благоја Чоревски, Благој Ристески, Драган Спасов, Драган Секулиќ, Ленче Делова и групата „Анастазија (последните две поминаа без образложение) главно го искажуваа низ револтот дека на Фестивалот сè било однапред исконструирано, договорено; дека сè тоа одрази на задкулисни игри од страна на селекторот; на претседателот на Советот; од страна на дел од наградените на кои наградите им требале за универзитетски звања... Се отиде дури дотаму што „во игра“ беше и опцијата дека на наградениот режисер и добитник на наградата за драматизација или адаптација тие му биле потребни за асистентското место на ФДУ да го замени со професорско.

Жирито и категорично стои зад своите одлуки. Тие на ова имаа право. Беше легитимно избрано, легитимно работеше и го донесе своите одлуки за најдобрите. Претседателот Салаетин Билал рече дека тие „бескомпромисно ја извршиле својата работа, а револтот дојде како потреба да се покрие неквалитетот и неработата. Реакциите се очајни и организираното непримање на наградите е непримерно и непристојно кон наградените и публиката“. Ѓорѓи Јолевски пак констатира дека „сите забелешки и навреди се упатени токму на комисијата која е одбрана од кастата каде што припаѓам. Ова што се случува е директно упатено до нашиот начин на мислење, до нашите критериуми и до нас како личности. Секој има право да го каже својот револт, меѓутоа не знам дали е ова вистинскиот начин“.

Директорот на НТ во Битола Благоја Стефаноски на чија претстава „Мајсторот и Маргарита“ и припаднаа осум награди и сите ги примија на сцената, мисли вака:“ Сега излегува дека ние сме виновни што имаме најдобра претстава и толку награди. Незадоволството е само покритие на сопствените слабости. Вредностите тие треба да ги бараат во своите репертоари и да не создаваат искривени огледала со лажни слики за наводни претходни наши договарања со жирито.

Има и друго мислење: идејата беше да се организира лажен бунт и поделеноста на Фестивалот на две групи. Оние што можат да манипулираат, и оние што се изманипулирани. Советот на Фестивалот во неделата заседаваше речиси десет часа. Никој не му поднесе официјален протест, а осум негови членови (делегирани од осум театари) поднесоа оставка. Претседателот на Советот сепак застана пред публиката: ги прочита наградите, им ги врачи на оние што ги сакаа и го прогласи Фестивалот за затворен. Сè во сценографијата на закажаната и неодиграна претстава „Господа Глембаеви“ за која директорот на МНТ Љупчо Петрушевски објасни: „Екипата смета дека во атмосферата што настана по објавувањето на резултатите од жирото, не постојат елементарни услови за уметнички чин, односно за прикажување на претставата. Екипата на овој начин исто сака да се огради од сите непринципиелности кои го следеа овој фестивал, вклучувајќи ја и работата на жирото. Со големо жалење екипата ги упатува своите извинувања до градот Прилеп и публиката...“

**Лилјана Мазова**

ПО ОТКАЖУВАЊЕТО НА ПРЕТСТАВАТА „ГОСПОДА ГЛЕМБАЕВИ“

## Унковски побара оставка од Петрушевски

Министерот за култура Слободан Унковски, како што вчера неофицијално дознавме, побарал оставка од генералниот директор на Македонскиот народен театар (и в.д. директор на Драмата) Љупчо Петрушевски, како најодговорен за откажувањето на претставата „Господа Глембаеви“ на Драмата на завршната вечер на 31. Македонски театарски фестивал „Војдан Чернодрински“. Дознаваме дека Унковски на овој потег се решил затоа што смета дека е непримерно на публиката, која го наполни салонот во Домот на културата во Прилеп да ѝ биде ускратен еден театарски чин.